# ПРЕРОДБАТА

# светла искра
# на сегашноста

# Почетоците на преродбата во Македонија

- Крајот на 18. и почетокот на 19. век ја означува зората на националното будење на македонскиот народ. Првиот чекор во националната преродба се гледа во борбата за сопствено писмо и јазик, а со тоа се појавува и првата генерација на преродбеници.

This Photo by Unknown author is licensed under CC BY.



- **Со развитокот на словенската просвета во Македонија, неминовно се поставува прашањето за литературен јазик. Целта е да се отстрани грчкиот јазик од училиштата, но веднаш се поставува прашањето на кој јазик ќе се предава и на кој јазик ќе се создаваат учебниците? Наспроти грчките и бугарските влијанија, се појавува тенденција за воведување свои, македонски учебници.Во втората половина на 19. век во Македонија се развива поинтензивна работа на книжевно поле. Карактеристичен е интересот за народната литература и обичаите, бидејќи во нив особено доаѓа до израз духот на народноста.**

# Григор Прличев

- **Во периодот на 19-от век, македонската книжевност била скромна по обем што се должи на општествено-политичките услови. Во овој период актуелно е собирањето на народните умотворби, а големо виљание ќе изврши и отворањето на првите македонски печатници. Периодот на преродбата е период на составување и печатење учебници на народен македонски јазик и обиди за воведување на македонскиот јазик во училиштата. Ова е период и на појава истакнати македонски писатели меѓу кои е и Григор Прличев.**

Григор Прличев (1830/31–1893, Охрид) е најсветлата точка и еден од најзначајните претставници на македонската преродба. Автор е на делата:

- ,,Сердарот”
- ,,Скендер-бег”,
- Автобиографијата,
- збирката поезија за деца ,,Воспитание”
- Во 1872 г. ја објавува песната ,,Илјада седумстотин шездесет и второ лето”.

**Поетската творба Сердарот поетот Прличев ја напишал во 1860 година и во истата на 25 март ,на конкурсот во Атина била прогласена за најубава поетска творба, а авторот наречен ,,Втор Хомер”и награден со парична награда**
**и ловоров венец.**

- Во моментот кога ја обработувал темата, Прличев бил тесно сврзан со стремежите на својот многу напатен народ. Во неа е втисната вистината за Македонија од минатото, од времето на триесеттите години на XIX век, тешкиот живот на македонскиот народ од западните краишта. Макотрпното тешко минато го поврзал со најсуштественото од современиот живот на потиснатиот и заостанат македонски народ ,но и го насликал ликот на борецот-предвесник на слободата.Творбата претставува величенствен епос на македонскиот слободарски дух,животните идеали на македонскиот народ –херојската борба за слобода ,која ќе биде предвестување на идната Илинденска епопеја



Ο ΑΡΜΑΤΩΛΟΣ

1860.

ΑΘΗΝΗΣΙΝ,

1860.

**Во моментот кога ја обработувал темата, Прличев бил тесно сврзан со стремежите на својот многу напатен народ**

- **Во неа е втисната вистината за Македонија од минатото, од времето на триесеттите години на XIX век, тешкиот живот на македонскиот народ од западните краишта. Макотрпното тешко минато го поврзал со најсуштественото од современиот живот на потиснатиот и заостанат македонски народ, но и го насликал ликот на борецот-предвесник на слободата. Творбата претставува величенствен епос на македонскиот слободарски дух, животните идеали на македонскиот народ – херојската борба за слобода, која ќе биде предвестување на идната Илинденска епопеја**



# СЕРДАРОТ

Пискотници се слушаат
од Галичник до Река,
што тешка несреќа ги збра
и мажите, и жените,
та гласи тажна ека
и навева сал коб и зла?

Дал' град полињата житородни
ги беше фатил?
Ил' рој од скакулци се вдал?
Дал' султанот арачлии
час предвреме им пратил
да збира арач лут без жал?

Ни град полињата житородни
ги беше фатил,
ни рој од скакулци се вдал,
ни султанот арачлии
час предвреме им пратил
да збира арач лут без жал.

Та Кузман, јунак славен,
падна убиен од Гега,
тој сердар прочут
падна в бој,
и ќе ги гази пљачкашот
планините ни сега,
а да ги брани нема кој . . .

# Ликот на Неда во поемата ,,Сердарот"

**„на средна е доба; и јадра, сосема здрава,**

**кршна и херојски силна.**

**Изваjана е амазонската нејзина става:**

**Вистинска личота милна.**

**Годините не ја намалиле нејзината убост;**

**на лице свежест се гледа,**

**младешката сочност не ја беше сменила грубост.**

**Таа е кутрата Неда!**

И везден ти да плачеш, имаш зошто. Биди силна!

Ти загуби, о мајко, џин!

Народните ќе пеат колена со уста милна

за делата на твојот син…

…јас не сретнав појунак човек,

жено, од сина ти сакан.

## Јунаштвото на Кузман низ очите на неговите непријатели

И везден ти да плачеш, имаш зошто. Биди силна!

Ти загуби, о мајко, џин!

Народните ќе пеат колена со уста милна

за делата на твојот син…

…јас не сретнав појунак човек,

жено, од сина ти сакан.

Во својата Автобиографија Григор Прличев го опишува својот животен пат од детството па се до 1884 година. Истовремено е и слика за економските, општествените услови во 19-от век

.

Извадоци од Автобиографијата

**Да ја пишувам ли својата биографија? Да ги обнародувам ли најтанките подробности на својот краток живот? Долго време се колебав и не би пишувал ако не бев уверен дека биографиите се доста полезни книшки.**



# Училиштето на Прличев

Учителот, погоден за 300 грошеви годишна плата, седеше и шиеше. Кога идеа учениците кај него да си ја прочитаат лекцијата, учителот си го продолжуваше шиењето. За да пишуваат учениците го креваа десното колено и на него ја ставаа хартијата. Кога зедов да пишувам, перото ми се виде како најтешка мотика.. Учителот никогаш не ми рече како да се држи перото зашто и нему не му беа кажале.

## Неговиот учител Димитар Миладинов

**Како за утеха на поминатите несреќи, Митре Миладинов дојде да учителствува во Охрид. Меѓу десетте учители што се изменија,ниеден не им беше толку полезен на учениците како Миладинов. Речта му течеше од устата како мед. Од во секоја постапка имаше нешто привлечно.**





Поезијата на Прличев

**1762 лето**

Илјада и седимстотин’
шесдесет и второ лето
в Охрида од Цариграда дошел Салаор.
Еј! Дошел Салаор.

Се претставил пред Арсења
наша патрика честнаго
и му рек’л слово горко, слово жалостно.
Еј! Слово жалосно.

Амал Перо

Бил Перо красно детенце
Од мајка прегалено,
Во гордости, ленивости
И сласти воспитано,
Че дал те бог во старости
Родителам бездетним
И прво и последнее
Многожелано чедо.
Тој не учел за чтение
И азбука е марзел,
Само за игра посештал
Училиште свештено.
......................

# Презентацијата ја изработија:

- **Учениците членовите на секцијата Млади историчари заедно со предметните наставници по Историја и Македонски јазик: Лорета Станковиќ и Татјана Силјаноска-Гочкова**